# Бунтовен

## Л. Џ. Шен

САКАМ КНИГИ

Драг читателу,

Ако ја држиш книгава во раце (за што ќе се дрзнам да претпоставам дека се случува), тоа значи дека малото девојче што сонуваше да стане писател најпосле го остварило својот сон.

Не веруваше дека ќе успее во тоа кога пред речиси една деценија седна да ја пишува „Вишс“. Тогаш веќе не бев девојче. Туку млада, изморена мајка. Доволно излудена и лишена од сон за да си мислам дека можеби некаде, каде било на светов, некој ја дели истата љубов со мене за вкусни, бесрамни, морално пеплосани алфа мажи што се непоправливо верни на својот карактер.

Вишс, Џејми, Дин, Трент и Роман ти влегуваат под кожа и растат како габа. Бавно, но сигурно, а кога најпосле ќе ги забележиш, веќе е предоцна. Но, за разлика од габите, тие созреваат неверојатно добро низ книгите и се претвораат во мажите што отсекогаш се стремеле да бидат.

Да можам да се вратам во времето на она мало девојче што сонуваше да пишува книги, што се осмелуваше да верува дека книгите еден ден ќе ѝ се најдат на полиците од книжарите, би ѝ кажала да не се грижи. Дека сѐ ќе биде во ред, бидејќи тоа девојче? Тоа сум јас.

А тебе, драг читателу, ти се заблагодарувам. Што ѝ даде шанса. Што ѝ ги оствари сништата. А најмногу од сѐ, што ја делиш нејзината страст за добра, жешка романса со многу срце и (се надевам) исто толку душа.

Со сета моја љубов, секогаш,



*За Кристина Линдзи и Шер Мејсон.*

*„Птичјата песна можеби е убава,*
*Но не ја пеат за тебе,*
*А ако мислиш дека зимата ми е пресурова*
*Тогаш не ми ја заслужуваш пролетта.“*

*- Ерин Хансон*

ПЛЕЈЛИСТА

„Hold Me Down” - Halsey
„Guys My Age” - Hey Violet
„Drops of Jupiter“ - Train
„Immortals“ - Fall Out Boy
„Mad About You“ - Hooverphonic
„Breathe Me“ - Sia

# ПРОЛОГ
## РОУЗИ

Веројатно треба да ви кажам едно нешто пред да почнеме. Мојата приказна? Нема среќен крај. Нема да има. Не може да има. Без разлика колку висок или згоден или богат или шармантен е мојот Принц на Бел Коњ.

А мојот Принц на Бел Коњ навистина ги поседуваше сите тие квалитети. Ох, сите нив и плус уште неколку.

Единствениот проблем беше што не беше вистински мој. Беше на сестра ми. Но, мора да знаете нешто пред да ме осудите.

Јас прва го видов. Јас прва копнеев по него. Јас прва го *љубев.*

Ништо од тоа не беше повеќе важно кога Дин „Ракус“ Кол запечати бакнеж врз усните на сестра ми, дента кога Вишс ѝ провали во шкафчето.

Проблемот со ваквите моменти е што никогаш вистински не знаеш дали се почетокот или крајот. Животот одеднаш престанува да тече, а ти си присилен да си ја преиспиташ сопствената реалност. Реалноста е крш. Верувајте ми, од прва рака знам колку многу е за никаде.

*Животот не е фер,* ми рече тато во истиот момент кога наполнив шеснаесет години и сакав да почнам да се состанувам со момци. Одговорот му беше решителен. „Мајко мила, не.“

„Зошто не?“ Изнервирано превртев со очите. „Мили одеше на состаноци кога имаше шеснаесет.“ Чиста вистина. Беше на четири состаноци со синот на поштарот, Ерик,

додека живеевме во Вирџинија. Тато фркна и посочи со показалецот накај мене. *Добар обид.*

„Ти не си сестра ти."

„Што значи тоа?"

„Знаеш што значи."

„Не, не знам." *Знаев.*

„Значи дека имаш нешто што таа го нема. Не е фер, но животот не е фер."

Уште еден факт против кој не можев да се борам. Тато рече дека сум била магнет за погрешниот тип момци, но тоа беше како да се обидуваш да прелиеш шеќерна глазура врз топка кал и 'рѓосани клинци. Јa разбирав неговата суштинска грижа, дефинитивно ја разбирав, особено зашто отсекогаш бев татина малечка принцеза. *Роузичка-пчеличка.* Зеницата во неговото око.

Бев провокативна девојка. Ненамерно. Што, понекогаш, ми беше непријатен товар. Со густи трепки, степенесто шишана коса со боја на карамела, долги млечнобели нозе и меки усни, кои беа толку полни што ми го зафаќаа речиси целото лице. Сè друго на мене беше мало и зрело - заврзано со црвена сатенска панделка и со заводлив израз што како засекогаш да ми беше запечатен врз лицето, без разлика колку силно се обидував да го отстранам.

Привлекував внимание. Од најдобриот вид. Од најлошиот вид. Проклетство, од секаков вид.

Ќе има и други момци, се обидував да се убедам кога усните на Дин и Емилија се допреа, а моето срце се згрчи во градите. Но, има само една Мили.

Освен тоа, сестра ми го заслужуваше тоа. Го заслужуваше *него.* Јас го имав вниманието на мама и тато, по цел ден, секој ден. Имав еден куп другари и другарки на училиште и додворувачи што буквално чекаа во ред пред мојата врата. Сите погледи беа вперени во мене, додека, пак, никој не ја погледнуваше сестра ми двапати.

За сето тоа не бев јас крива, но тој факт не направи да се чувствувам помалку виновно. Сестра ми беше производот од мојата болест и мојата популарност. Осамена

тинејџерка што се крие зад платното, заштитена зад бојата. Постојано тивка, оставајќи ја чудната, ексцентрична облека да зборува во нејзино име.

Кога подобро ќе размислам, така беше најдобро. Уште првиот ден кога го забележав Дин Кол во ходникот на паузата меѓу часот по тригонометрија и англиски, знаев дека станува збор за нешто повеќе од обични средношколски симпатии. Ако го добиев, немаше да го пуштам. А тоа самото по себе беше опасен концепт со кој не можев да си дозволам да си играм.

Видете, мојот часовник побрзо отчукуваше. Не бев родена како сите останати.

Имав болест.

Понекогаш ја победував.

Понекогаш таа ме победуваше мене.

Розата Роузи, која им беше толку омилена на сите, полека венееше, но ниту еден цвет не сака да умре пред публика.

Подобро беше вака, одлучив во моментот кога нејзините усни беа врз неговите, неговите очи беа вперени во моите, а реалноста стана комплексно и измачувачко нешто од коешто очајно сакав да побегнам.

Па, така, од првите редови гледав како се вљубуваат сестра ми и единствениот дечко од којшто некогаш ми заиграло срцето.

Ливчињата ми венееја едно по друго.

Бидејќи и покрај тоа што знаев дека мојата приказна нема да заврши со среќен крај, не можев а да не се запрашам... би можела ли сепак да имам среќен крај, макар и на момент?

# ДИН

Летото кога наполнив седумнаесет години беше лошо, но ништо не можеше да ме подготви за неговото спектакуларно ебено финале.

Сите знаци покажуваа кон катастрофа. Не знаев кој точно пат ќе ме доведе до неа, но, познавајќи си го животот, се подготвував за силен удар што ќе ме нокаутира и шутне право во Пеколот.

На крајот, сè се сведе на еден невнимателен момент, филмско клише. Неколку лименки пиво и набрзина свиткани џоинти неколку седмици пред да завршиме трета година.

Лежевме покрај базенот на Вишс со форма на бубрег и пиевме од пивото на татко му, свесни дека никој не ни може апсолутно ебено ништо под покривот на Барон Спенсер Постариот. Имаше девојки. Беа надувани. Немаше многу што да се прави во Тодос Сантос, Калифорнија, пред самиот праг на летниот распуст. Беше пеколно жешко. Воздухот беше тежок, сонцето пржеше, тревата беше жолта, а на младите им беше здодевно од сопствено бесмислено и непроблематично постоење. Премногу нè мрзеше да бркаме лесни возбуди, па само гледавме во нив додека лежевме испружени врз душеците во форма на крофни и фламинга во базенот, или врз лежалките донесени директно од Италија.

Родителите на Вишс не беа дома - дали некогаш воопшто беа? - па сите сметаа на мене да ги донесам залихите. Со оглед на тоа што не сум човек што разочарува, донесов од слаткиот хашиш и малку екстази, кои гладно ги вдишаа без воопшто да ми се заблагодарат, да не зборуваме да се понудат да платат. Си мислеа дека сум надуван

богаташ кому му требаат пари исто толку колку што на Памела Андерсон ѝ требаат цицки, што делумно беше точно. А секако не се нервирам за вакви ситници, така што не им замерив.

Една од девојките, русокоса, по име Џорџија, замавнуваше со новиот поляроид што татко ѝ и го дал на последниот одмор во Палм Спрингс. Нè сликаше нас, момците - Џејмс, Вишс, Трент и мене - покажувајќи си ги бујните облини во ситните црвени бикини, па ќе ја ставеше сликата меѓу забите и ни ја подаваше директно во уста. Цицките ѝ се истураа од малиот горен дел како паста од туба. Посакував да го тријам курот меѓу нив и знаев со сигурност дека дефинитивно ќе го правам тоа до крајот на денот.

„Леле, леле, оваа ќе биде доооообра." Џорџија употреби милион О за последниот збор. „Изгледаш екстра секси, Кол", замјаука откако ме сликна како го пијам остатокот од пивото со џоинтот меѓу прстите и потоа ја смачкувам конзервата.

*Чкрап.*

Доказот за работите што не требаше да ги правам излезе од нејзиниот апарат со едно провокативно шиштење, а таа ја зеде сликата со сјајните усни, се наведна и ми ја подаде. Ја загризав, па ја ставив во шорцевите за пливање. Со погледот ми ја следеше дланката кога го повлеков ластикот надолу, откривајќи права линија светли влакненца под папокот што ја повикуваа да им се придружи. Подголтна. Видно. Погледите ни се сретнаа и немо се договоријa за место и време. Потоа некој се фрли во базенот и ја испрска, а таа одмавна со главата, почна да бревта, за потоа да се префрли на следниот уметнички проект - мојот најдобар другар Трент Рексрот.

Планот отсекогаш беше да ја уништам сликата пред да дојдам дома. Ја обвинувам ебената екстаза што заборавив. На крајот, мајка ми ја пронајде сликата. На крајот, татко ми со тивок глас ми одржа една од своите лекции што секогаш ми ја разјадуваа утробата како со арсен. А на самиот крај? Ме натераа да го поминам летото со ебениот тетин, оној што не можам да го поднесам.

Бев паметен и не се побунив. Последното нешто што сакав е да направам хаос и да си ја уништам шансата за Харвард една година пред да матурирам. Макотрпно работев за оваа иднина, за овој живот. Го гледав пред себе, со сета своја слава, богатство, привилегии, приватни авиони, имот, заебанции и годишни одмори во Хемптонс. Тоа е работата во врска со животот. Ако нешто добро ти падне во раце, не само што треба цврсто да го држиш, туку и да го стискаш доволно силно што може  дури и да ти се скрши.

*Уште една лекција што ја научив доцна во животот.*

Во секој случај, така завршив на лет кон Алабама, да преживувам два месеци на ебена фарма додека да почне четвртата година.

Трент, Џејми и Вишс го минаа летото во пиење, дување и ебење девојки на домашен терен. А јас се вратив со модро око што великодушно ми го подари господинот Доналд Витакер, т.н. Бувот, по ноќта во која засекогаш се променив.

„Животот е како правдата“, Илај Кол, мојот адвокат, т.е. татко, ми рече пред да се качам на авионот за Бирмингем. „Не е секогаш фер.“

Зарем не е тоа ебено вистинито.

Тоа лето, бев присилен да ја прочитам Библијата од почеток до крај. Бувот им кажал на моите родители дека одново се пронашол во христијанската вера и дека ужива во библиските проучувања. Тоа го потврдуваше така што ме тераше да ја читам Библијата со него за време на паузите за ручек. Сендвич со шунка и кашкавал и Стариот завет беа негов начин да покаже дека не е кретен, иако беше ужасен кон мене останатиот дел од времето.

Витакер беше фармер. Барем кога беше доволно трезен за да работи. Јас му бев помошник. Ја прифатив улогата, главно затоа што секој ден го завршував со прстите во ќерката на соседот.

Ќерката на соседот си мислеше дека сум некоја славна личност, само затоа што немав јужњачки акцент и имав

свој автомобил. Немав намера да ѝ ја скршам фантазијата, особено штом беше желна да ми биде ученичка по сексуално образование.

Го слушав Бувот кога ме учеше за Библијата, бидејќи алтернативната опција беше да се борам со него во сеното додека едниот од нас не изгубеше свест. Мислам дека моите родители сакаа да ме потсетат дека животот не се врти само околу скапи автомобили и одеење на скијање. Бувот и жена му беа олицетворение на упатството за *Живот со ниски примања*, па секое утро се будев со помислата дека два месеци не се ништо во споредба со целиот мој ебен живот.

Во Стариот завет имаше доста забегани приказни: инцести, колекција на кожички од пениси, Јаков како се бори со ангел - жими сè книгата претера уште од второто поглавје или така нешто - но, една приказна особено ми остана врежана во умот, дури и пред да ја запознаам Роузи ЛеБланк.

Битие 27. Јаков дошол да живее со вујко му Лаван и се вљубил во Рахела, помладата од неговите две ќерки. Рахела била ебено згодна, грациозна, и буквално секс на две нозе (според напишаното во Библијата, иако не баш со истите зборови).

Лаван и Јаков склучиле договор. Јаков требало да работи седум години за Лаван, па дури тогаш ќе можел да се венча со ќерка му.

Јаков сторил како што му било кажано - се убивал од работа под жешкото сонце, ден по ден. Откако минале седумте години, Лаван најпосле му кажал на Јаков дека може да се венча со ќерка му.

Но, тука беше пресвртот: Не му ја дал раката на Рахела. Туку на постарата ќерка Леа.

Леа била добра жена, Јаков бил свесен за тоа.

Била фина. Разумна. Широкоградa. Сладок задник и меки очи. (Повторно, парафразирам. Освен делот со очите. Тоа навистина го пишува во Библијата.)

Но, не била Рахела.

Не била Рахела, а тој ја сакал Рахела. Отсекогаш. Ебено. Ја. Посакувал. Рахела.

Јаков се побунил, се обидел да го вразуми вујко си, но, на крајот, ја изгубил битката. Дури и во тие времиња, животот бил како правдата. Сè освен фер.

„Уште седум години работа", му ветил Лаван. „И ќе ти дозволам да се венчаш и со Рахела."

Па, Јаков чекал.

Тивко.

И *копнеел.*

А секој со половина мозок треба да знае дека тоа е единственото нешто што го задоволува очајот по предметот на твојата опсесија.

Годините минувале. Бавно. Болно. Рамнодушно.

Во меѓувреме, тој бил со Леа.

Не пател. Не според основната дефиниција за патење. Леа била добра кон него. Сигурен избор. Можела да му роди и деца - нешто што не било толку возможно со Рахела, како што дознал подоцна.

Но, тој знаел што сака, па иако таа личела на неа, мирисала како неа, па дури можеби и била иста на *допир* како неа, сепак, не била *Рахела.*

Му биле потребни четиринаесет години, но на крајот, Јаков сосем чесно и фер ја освоил Рахела.

Бог можеби не ја благословил Рахела исто како Леа. Но, нешто друго беше највеважното нешто.

Рахела немала потреба да биде благословена.

Бидејќи била сакана.

А, за разлика од правдата и животот, љубовта *е* фер.

Што повеќе од тоа? На крајот од денот, љубовта им била доволна.

На крајот од краиштата, во неа лежи целата ебена поента.

Седум недели откако почнав со четвртата година од средното училиште, уште една катастрофа реши

спектакуларно да ми експлодира пред очи. Името ѝ беше Роузи ЛеБланк, со очи како две замрзнати езера среде зима во Аљаска. До *толку* сини.

Моментот кога ја здогледав девојката како ја отвора вратата од куќата на слугите на имотот на Вишс ме фати толку неподготвен, што се чувствував како некој да ми влепил шлаканица. Бидејќи не беше Мили. До некаде изгледаше како Мили, но поситна, пониска, со пополни усни, повисоки јаболкници и мали остри уши како на вила-бељаџика. Но не носеше ништо чудно на себе, како што имаше навика Мили. Апостолки со морска ѕвезда на стапалата, црни тесни фармерки со отвори кај колениците, и стар црн дуксер со бел натпис од име на бенд што не го познавав. Се трудеше да се претопи во толпата, но подоцна сфатив дека ѝ е предодредено да блеска како ебен светилник.

Јакоцрвена боја ѝ ги обои образите и почна да ѝ се спушта кон вратот кога погледите ни се сретнаа, а со тоа ми кажа сè што требаше да знам. Таа беше нова за мене, но *јас* ѝ бев познат нејзе. Ме проучувала, познавала и зјапала во мене. Цело проклето време.

„Дали сме дел од некој таен зјапачки натпревар?“ Речиси веднаш се врати во нормала. Имаше некоја рапавост во гласот што донекаде звучеше неприродно. Претивко. Прерапаво. Премногу специфично за неа. „Бидејќи вратава ја отворив пред дваесет и три секунди, а ти сè уште ми се немаш претставено. А двапати трепна.“

Всушност, бев дојден да ја поканам Емилија ЛеБланк на состанок. Не сакаше да ми го даде телефонскиот број. Со оглед на тоа што сум ловец по природа, трпеливо ја чекав да ми се приближи доволно блиску, за да можам да скокнам врз неа, но тоа не значеше дека не одев одвреме-навреме да го проверувам пленот. Ако сме потполно искрени, при ловењето на Емилија никогаш не станувашe збор за Емилија. Возбудата од ловот секогаш ми носеше адреналин, а таа ми претставуваше предизвик што не го гледав кај другите девојки. Беше свежо месо, а јас ненаситен месојадец. Но, не очекував да го најдам *ова.*

*Ова* промени проклето сè.

Само стоев таму како нем и се клештев со половична, заводлива насмевка, обидувајќи се да ја испровоцирам Роузи, иако, на некој посебен начин, таа опасно ме провоцираше *мене.* Токму во тој момент ми светна помислата дека можеби не сум ловецот. Дека можеби на еден дел од секундата се претворив во Елмер Фад со пушка без куршуми среде шума полна бесни тигри.

„Може ли воопшто да зборува?" светлите очи на тигрицата се смуртија, па таа се навали нанапред и ме боцна во градите со малата шепа. Ми се обрати со среден род.

Ме исмеваше. Ме понижуваше. Се заебаваше со мене.

Со најдобриот невин израз врз лицето (што ми е многу тешко да го сторам - имам заборавено што значи невиност уште пред да ми ја фрлат папочната врвца во ѓубре), ги стиснав забите под усните и одречно одмавнав со главата.

„Не можеш да зборуваш?" ги вкрсти рацете и се навали врз рамката на вратата, со скептично подигнати веѓи.

Потврдно кимнав, загризувајќи си ги усните за да не се насмеам.

„Чисто срање. Те видов на училиште. Дин Кол. Те викаат Ракус[1]. Не само што можеш да зборуваш туку и поголемиот дел од времето се чини дека не можеш да замолчиш."

*Токму така, мала вило. Зачувај го тој гнев за кога ќе те тркалам врз чаршавите.*

За да ми го сфатите изненадувањето, мора најпрво да знаете дека досега ниту една девојка не разговарала со мене на тој начин. Дури ни Мили, а се чинеше како Мили да е единствената ученичка што му беше имуна на мојот американски шарм на зготен спортист што може да ти ги скине гаќичките со заби.

Но, како што реков. Плановите се менуваат. Не дека бевме во врска. Веќе неколку недели ја душкав опашката на Мили во обид да одлучам дали вреди да ја ловам или не, но сега кога видов што сум пропуштил, а тоа е оваа мала петардичка, беше време да побарам топлина во нејзините луди искри.

1 Ruckus – бунтовен, турбулентен (заб. на прев.)

Уште еднаш валкано ѝ се насмевнав. Токму со оваа насмевка го заслужив прекарот Ракус во ходникот на гимназијата Ол Сејнтс пред две години. Бидејќи токму тоа бев. Бев ебен хаос, ширев анархија каде и да одев. Сите го знаеја тоа. Професорите, учениците, директорката Фолоухил, па дури и локалниот шериф.

Кога некому му требаше дрога - доаѓаше кај мене. Кога некому му требаше добра забава - доаѓаше кај мене. Кога некому му требаше добро ебење - доаѓаше кај мене и *врз* мене. Мојата насмевка, онаа што ја вежбав уште од пет ебени години, му го говореше токму тоа на светот.

*Ако е расипано и вулгарно и забавно - дефинитивно ќе сум таму.*

А девојкава? Изгледаше како да би било многу забавно да ја расипам. Со погледот ми ги следеше усните. Тежок. Желен. Опоен. Лесно ми беше да го прочитам. Средношколки. Иако оваа не беше толку исклештена како останатите. Не ми нудеше ни нема покана за флерт.

„Сепак зборуваш." Обвинувачки ги искашла зборовите.

Си ја шмукнав долната усна па ја пуштив. Бавно. Пресметано. Провокативно. „Можеби сепак знам неколку зборови." Ѝ се доближив. „Можеби би сакала да ги чуеш интересните?" Очите ме преколнуваа да ги спуштам надолу по нејзиното тело, но умот ми велеше да не брзам. Одлучив да го слушам него.

Бев опуштен.

Бев лукав.

Но, за првпат по неколку години, немав поим што ебено правам.

Ми возврати со искривена насмевка што ме остави без зборови. Имаше премногу зборови во тој еден израз. Ми кажуваше дека обидот да ја освојам нималку не ја воодушевил. Ми кажуваше дека ѝ се допаѓам, да, и дека ме има забележано, но дека ќе мора да се потрудам малку повеќе од ова половично и млако флертување ако сакам нешто повеќе. Што и да требаше да сторам, бев подготвен за новата авантура.

„Сакам ли?“ кокетираше, без да забележи. Ја спуштив брадата и се навалив нанапред. Бев висок, доминантен и самоуверен. Претставував неволја. Веројатно слушнала сѐ за мене, а во случај да не слушнала, набрзо ќе дознаеше.

„Мислам дека сакаш“, ѝ реков.

Пред две минути бев одлучен да ја поканам сестра ѝ на состанок, и тоа се обложувам дека Мили е постарата сестра. Оваа девојка изгледаше помладо, а, освен тоа, би знаел ако е матурантка. И види како судбината одлучи таа да ја отвори вратата и да ми ги промени плановите.

Бебето ЛеБланк чудно ме погледна, предизвикувајќи ме да продолжам. Само што ја отворив устата, Мили ми влета во видното поле, јурејќи кон вратата од малата и преполна дневна соба, небаре бегаше од воена зона. Врз градите стегаше учебник, а очите ѝ беа надуени и црвени. Зјапаше право во мене, а за дел од секундата си помислив дека ќе ми го тресне дебелиот учебник во лице.

Од денешна гледна точка, посакувам да го стореше тоа. Ќе беше многу подобро од она што го направи.

Мили ја турна малата вила настрана како воопшто да не знаеше дека стои таму, ми се фрли врз гради, и тоа невообичаено страсно, и ги притисна усните врз моите како да ја опседнал демон.

*Да го ебам.*

Лошо беше.

Не бакнежот. Бакнежот беше океј, веројатно. Немав многу време да го сварам, бидејќи очите ми се ококорија и се вперија кон ужаснатата вила со шилести уши. Сините очи ѝ зјапаа во нас, размислуваа и ни ставаа етикета што не бев подготвен да ја прифатам.

Што, по ѓаволите, правеше Мили? Пред само неколку часа сѐ уште глумеше дека не ме забележува во ходникот, купуваше време, бараше простор, лажираше рамнодушност. А сега ми се имаше нафрлено како осип по сомнителен секс за една ноќ.

Нежно се тргнав од Мили и ја фатив за образите за да не се почувствува одбиено, истовремено оставајќи

доволно простор за малата вила да биде меѓу нас. Близината на Емилија не беше добредојдена во моментов, а таквата желба ми се случува ебено првпат кога станува збор за згодна риба.

„Здраво“, ѝ реков. Гласот ми ја имаше изгубено вообичаената игрива нота. Ова не беше налик Мили. Нешто се имаше случено, а јас имав некаква претстава кој би можел да го има предизвикано ова. Крвта почна да ми врие. Дишев низ ноздрите, решен да не полудам. „Што се случува, Мил?“

Од празнината во нејзините очи почна да ми се гади. Речиси можев да ѝ го чујам срцето како ѝ татни во ебените гради. Се осмелив да погледнам кон Бебето ЛеБланк па се запрашав како треба да се извлечам од сето ова. Таа направи чекор station наназад, а погледот ѝ беше врз растревожената појава што повторно се обидуваше да ме прегрне. Мили беше вознемирена. Не можев да ја одбијам. Не во тој момент.

„Вишс“, рече постарата сестра со гласно шмркнување. „Вишс се случи.“

Потоа покажа кон учебникот по математика како да беше доказ.

Неволно, погледот ми се врати назад врз Емилија „Мили“ ЛеБланк.

„Што сторил шупакот?“ ѝ ја зедов книгата од дланките и почнав да вртам низ страниците во потрага по некои вулгарни коментари или цртежи.

„Ми провалил во шкафчето и ја украл“, рече и повторно шмрцна. „А пред тоа, ми го наполнил шкафчето со пакетчиња кондоми и ѓубре.“ Го избриша носот со задниот дел од ракавот.

По ѓаволите со идиотот. Тоа беше втората причина поради која сакав да се гледам со Мили. Потребата да ги заштитувам послабите гореше во мене уште од мала возраст. Слаба точка и такви срања. Не бев *потполно* лош, како Вишс, а не бев ни *потполно* добар, како Џејми. Имав сопствен морален кодекс, а во него малтретирањето беше пречкртано со огромна и дебела крвава линија.

Што се однесува до послабите од мене, Мили беше совршената мачка со болви што се тресе на дожд и на која ѝ треба засолниште. Ја малтретираа на училиште и ја прогонуваше еден од моите најдобри другари. Морав да го сторам вистинското нешто. *Морав,* но дефинитивно *не сакав.*

„Ќе се погрижам за него." Се обидував да не пукнам. „Врати се внатре."

*И остави ме насамо со сестра ти.*

„Нема потреба, навистина. Мило ми е што си тука."

Ѕирнав кон девојката на која ѝ беше судено да биде Рахела на мојот Јаков, но овојпат копнежливо, свесен дека повеќе нема ни трошка надеж да бидам со неа откако виде како сестра ѝ ме бакна за да му се одмазди на проклетиот Вишс.

„Размислував." Мили брзо трепкаше, премногу вовлечена во сопствениот хаос за да сфати дека едвај ја погледнав откако излезе низ вратата. Премногу зафатена да забележи дека сестра ѝ ебено стои до нас. „И одлучив... зошто да не? Искрено, би сакала да се гледаме."

Не, не би сакала. Она што го сакаше е да ѝ бидам штит.

На Мили ѝ требаше спасување.

А мене ми требаше да испушам ебен џоинт.

Воздивнав, ја прегрнав постарата сестра, ја фатив за задниот дел од главата, а врвовите од нејзината коса ми се заплеткаа меѓу прстите. Погледот сè уште ми беше вперен кон Бебето ЛеБланк. Кон мојата мала Рахела.

*Ќе поправам сè*, ѝ ветував со поглед. Очигледно тој беше поголем оптимист од мене.

„Не мора да се гледаш со мене. Можам да ти го направам животот полесен и како другар. Само изговори ги зборовите и ќе го претепам", прошепотив во совршено обликуваното уво на Мили, додека зениците ми беа заковани врз сестра ѝ.

Одмавна со главата и ја вкопа подлабоко во моето рамо. „Не, Дин. Сакам да сме заедно. Фин си и забавен и чувствителен."

*И целосно воодушевен од сестра ти.*

„Чисто се сомневам, Мили. Веќе со недели ме одбиваш. Ова е поради Вик, и и двајцата го знаеме тоа. Напиј се чаша вода. Размисли. Ќе разговарам со него уште утре наутро за време на тренингот.“

„Те молам, Дин.“ Растреперениот глас ѝ се смири кога ја стисна ткаенината од мојата дизајнерска маица во тупаница и ме повлече поблиску до себе и подалеку од мојата нова, блескава фантазија. „Голема девојка сум. Точно знам што правам. Да одиме уште веднаш.“

„Да, одете“, ја чув малата ЛеБланк како вели и одмавнува со дланката накај нас. „Секако морам да учам, а вие двајцата само ми го одвлекувате вниманието. Ќе го удавам Вишс во базен ако го видам, Мили“, се пошегува, глумејќи дека ги стегнува мускулите од слабите раце.

Бебето ЛеБланк беше лоша ученичка, со еден куп тројки, но тогаш не го знаев тоа. Не сакаше да учи. Сакаше некој да ја спаси сестра ѝ.

Ја одведов Мили на сладолед, и овојпат не се свртев назад.

Ја одведов Мили, а требаше да ја одведам Роузи.

Ја одведов Мили, и планирав да го убијам Вишс.